Агенција за вработување на Република Македонија

Врз основа на Оперативниот план за изменување и дополнување на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2016 година, за активната мерка - **Обука за основни вештини за вработување на млади лица до 29 години (странски јазици и компјутери)**, Агенцијата за вработување на Република Македонија, на ден **22.02.2016** година, објавува

**Ј А В Е Н   О Г Л А С**
**до**
**заинтересираните невработени млади лица до 29 години за учество во бесплатните обуки за основни компјутерски вештини**

Се повикуваат евидентираните невработени млади лица до 29 години - активни баратели на работа, со завршено минимум средно образование, кои се заинтересирани да се здобијат со знаење за основни компјутерски вештини односно дигитална писменост, да се пријават во работниот клуб во Центрите за вработување на Агенцијата за вработување на Република Македонија, каде се евидентирани како невработени лица.

Обуките за основни компјутерски вештини ќе бидат насочени кон клучните апликации кои ги покриваат:

- вештините за обработка на текстови (MS Word),
- вештините за работа со табели и пресметки (MS Excel),
- вештините за работа со програми за презентација (MS Power Point),
- вештините за работа со дата бази на податоци (MS Access) и
- вештините за работа на интернет и електронска пошта (Internet и MS Outlook).

Обуките ќе се реализираат во Скопскиот и во други региони во зависност од пројавениот интерес на евидентираните невработени млади лица за учество во програмата.
Услов за одржување на обуките во одреден регион е да има минимум 10 (десет) кандидати за посетување на настава во определена апликација кои ја поминале административната селекција на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

За невработените млади лица до 29 години кои имаат ВСО, при изборот за учество во обуките ќе се применуваат следните критериуми:
- рангирање на факултетот на Шангајската листа – максимум 35 бода
- социјалниот статус (врз основа на приходите во семејството) – максимум 65 бода.

За невработените млади лица до 29 години кои имаат завршено минимум средно образование, при изборот за учество во обуките ќе се земе во предвид само социјалниот статус (врз основа на приходите во семејството).

Обуките ќе се изведуваат согласно начинот и динамиката за изведување на обуките предложени од обучувачкиот центар, а лицата кои редовно посетувале обука по завршување на истата полагаат завршен испит и добиваат уверение за успешно совладани тематски единици во определена апликација. За да се добие уверение потребно е да се присуствува на најмалку 60% од часовите.

Предвидено е со обуките да се опфатат 1000 лица, а огласот ќе биде отворен се до целосно пополнување на предвидениот број на кандидати согласно оваа мерка.

Невработените лица кои се заинтересирани за учество во обуката можат да ги добијат сите потребни дополнителни информации во работниот клуб во Центрите за вработување на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА